*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Комисија за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите**

Број 19-3122/2 11.06 2019 година

Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите на Дванаесеттата седница одржана на 11 јуни 2019 година го усвои следниов

## ЗАПИСНИК

од **Десеттата** седница на Комисија за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите одржана на 3 јуни 2019 година

Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите на 3 јуни 2019 година ја одржа Десеттата седница со следниов предложен дневен ред:

1. Избор на двајца технички експерти за постојана поддршка во Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите и

2.Разно

Седницата започна во 14.00 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Комисијата Емил Димитриев.

На седницата присуствуваше и заменик на претседателот на Комисијата Драган Цуклев.

На седницата присуствуваа пратениците членови на Комисијата: Тања Ковачев, Зоран Илиоски, Ејуп Аљими, Трајчо Димков, како и замениците членови Лилјана Затуровска и Весна Пемова.

На седницата присуствуваа и заинтересираните пратеници: Благоја Деспотовски, Никола Мицевски, Димитар Стевананџија, Павлинче Честојнова, Иван Иванов, Мирсада Емини Асани, Мира Стојчевска, Бетиан Китев, Фадил Зендели, Лидија Тасевска, Агим Муртезанов, Анета Симеска Димоска и Хари Локвенец.

На седницата беше поканет и присуствуваше Зоран Ангеловски - директор на Оперативно - техничката агенција.

На предлог на Претседателот на Комисијата дневниот ред се дополни со уште една точка на дневен ред Годишен финансиски план за работа на ОТА за 2019 година.

Предложениот дневен ред беше едногласно усвоен:

1. Годишен финансиски план за работа на ОТА за 2019 година

2. Избор на двајца технички експерти за постојана поддршка во Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите и

3.Разно

Пред расправата по точките од дневниот ред едногласно беа усвоени записниците од Осмата и Деветтата седница на Комисијата.

**Прва Точка**

1. Годишен финансиски план за работа на ОТА за 2019 година

Со оглед дека материјалот од точката од дневниот ред е со степен на класификација доверлово, согласно членот 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, "Собранието и неговите работни тела можат да одлучат да работат без присуство на јавноста, под услови утврдени со Уставот и со овој Деловник", Комисијата едногласно го усвои предлогот првата точка од дневниот ред се разгледа без присуство на јавноста.

Образложение по Годишниот финансиски план за работа на ОТА за 2019 година даде директорот Зоран Ангеловски.

Во расправата по точката од дневниот ред учествуваа пратениците Ејуп Аљими и Емил Димитриев.

**Втора точка**

2. Избор на двајца технички експерти за постојана поддршка во Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите

Претседателот на Комисијата, Емил Димитриев, констатира дека кандидатот Орце Симов поради недоставена документација за да се изврши безбедносна проверка, не продолжува со постапката за избор.

Во расправата по точката од дневниот ред учествуваа пратениците Ејуп Аљими, Тања Ковачев, Емил Димитриев и Зоран Илиоски.

Пратеникот Ејуп Аљими предложи избор на само еден кандидат, а за другиот поради правична застапеност повторно да се објави јавен повик.Предлогот на пратеникот Ејуп Аљими се усвои со 4 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН".

Пратеничката Тања Ковачев по гласањето а во врска со предлогот да се избере само еден кандидат а за другиот повторно да се објави јавен повик, сметаше дека е подобро да се обнови јавниот повик и да се изберат двајцата технички експерти на нов јавен повик со скратени рокови, имајќи во предвид дека за еден постои судир на интереси, еден од кандидатите е вработен во МВР, а еден е вработен во Собранието.

Респектирајќи го мислењето на останатите членови на Комисијата, претседателот на Комисијата, предложи да се изврши избор на еден технички експерт имајќи го во предвид значењето на техничките експерти во вршењето на надзорот. Предложи да се пополнат формуларите и да се изврши бодување со оценка од 1 до 10.

Претседателот на Комисијата по сумирање на резултатите од бодувањето истакна дека е изготвена следната ранг листа:

| | |
|---|---|
| 1. Димитријески Синиша | 41 бода |
| 2.Чамуроски Горан | 32 бода |
| 3.Милев Горан | 31 бода |
| 4.Трајановска Србиноска Елизабета | 27 бода |
| 5.Јовески Димитар | 23 бода |
| 6.Жаку Верим | 9 бода |

Пратеничката Тања Ковачев во однос на ранг листата истакна дека Синиша Димитријески бидејќи е прворангиран а е вработен во МВР на самото интервју кажа дека во МВР има посебна комисија која треба да одлучи дали истиот може да ја врши оваа функција, во случај да не му биде дозволена да се знае како да се постапи понатаму.

Претседателот на Комисијата истакна дека се предложува само ранг листа и по предлог на пратеникот Ејуп Аљими да се тргне кандидатот Верим Жаку од ранг листата и ранг листата да биде заклучно со кандидатот со број 5.

Комисијата едногласно со 5 гласа "ЗА" ја усвои предложената ранг листа.

Претседателот на Комисијата Емил Димитриев, во однос на мислењето на пратеничката Тања Ковачев за прворангираниот кандидат, истакна дека министерството за внатрешни работи во кое истиот е вработен треба да има аргументи доколку не му дозволи да ја извршува работата на технички експерт, а доколку истото се случи, Комисијата ќе мора да објави нов јавен повик за повторен избор.

Со оглед дека кандидатот Димитријески Синиша има освоено најмногу бодови во однос на останатите кандидати, претседателот на Комисијата предложи кандидатот Димитријески Синиша да склучи договор за консулатантски услуги со Собранието.

Предлогот беше усвоен со 4 гласа "ЗА" и еден глас "ВОЗДРЖАН".

По гласањето пратеникот Зоран Илиоски истакна да не се става Собранието во подредена положба во однос на МВР и сепак да се продолжи со постапката по јавниот повик, а доколку се појави проблем во однос на работењето во Комисијата на техничкиот експерт истото ке се решава дополнително.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Во однос на дискусијата на пратеникот Зоран Илиоски, пратеничката Тања Ковачев истакна дека апсолутно се согласува со дискусијата на пратеникот Зоран Илиоски и образложи дека поради истото гласала воздржано и предложи Комисијата да се изјасни во однос на тоа доколку МВР не му одобри на кандидатот да ја обавува работата на технички експерт во Комисијата.

Претседателот на Комисијата укажа дека по усвојувањето на записникот од оваа седница ќе се исполнат формално правните услови за склучување на договорот за консултантски услуги.

Според тоа на крајот од расправата Комисијата едногласно со 5 гласа "ЗА" ги усвои следните заклучоци:

1.Комисијата го избра кандидатот Димитријески Синиша за технички експерт за постојана поддршка во Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите.

2.Предложениот заклучок да се достави до Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и до Генералниот Секретар на Собранието на Република Северна Македонија за склучување договор за консултантски услуги со избраниот кандидат.

3.По усвојувањето на записникот од десеттата седница истиот да се достави до Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и до Генералниот Секретар на Собранието на Република Северна Македонија со што ќе се исполнат формално правните услови за склучување на договор за консултантски услуги на избраниот кандидат со Собранието на Република Северна Македонија.

**Третта точка**

3.Разно

По точката разно не се пријави никој за збор.

По исцрпувањето на точките од дневниот ред Претседателот на Комисијата ја заклучи расправата по точките од дневниот ред и ја затвори Десеттата седница на Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите.

Седницата заврши во 15.20 часот.

советник на Комисијата
Анита Младеноска-Ристовска
10 јуни 2019 год.

**Претседател**
на Комисија за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите
**Емил Димитриев**